# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 14.9.2026 година<br>Скопје<br>Број 11 год. XXI | Претплатата за 2026 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


септември, 2026 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за давање на користење на спортските сали на општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје без надоместок на КК „Работнички" АД Скопје во учебната 2026/2027 година, со Решение за објавување ........................................................................ 1 - 2

- Одлука за давање согласност за измена и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „13 Ноември", со Решение за објавување ........................................................................ 3 - 4

- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември", за период 2025/2026 година, со Решение за објавување ...................................................... 5 - 6

- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, за период 2025/2026 година, со Решение за објавување .......... 7 - 8

- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин", за период 2025/2026 година, со Решение за објавување ...................................................... 9 - 10

- Одлука за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција, со Решение за објавување ..................................... 11 - 12

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година, во Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................................................... 13 - 14

- Одлука за прифаќање на донација за реконструкција на постоечка улица бр. 28, во населба Ново Маало од Друштвото за градежништво, трговија, угостителство и услуги МГ ФЕШН ДОО увоз-извоз Скопје, со Решение за објавување ........................................................................ 15 - 16

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година, бр. 04-2078/1 од 21.8.2026 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................ 17 - 18

- Јавна објава ........................................................................ 19

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на користење на спортските сали на општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје без надоместок на КК „Работнички“ АД Скопје во учебната 2026/2027 година**

Се објавува Одлуката за давање на користење на спортските сали на општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје без надоместок на КК „Работнички“ АД Скопје во учебната 2026/2027 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/3
11.9.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на седница, одржана на 11.9.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
# за давање на користење на спортските сали на општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје без надоместок на КК „Работнички“ АД Скопје во учебната 2026/2027 година

## Член 1

Со оваа Одлука се задолжуваат општинските основни училишта „Кочо Рацин“, „Јохан Хајнрих Песталоци“, „Коле Неделковски“, „11 Октомври“, „Димитар Миладинов“ и „Киро Глигоров“ од територијата на Општина Центар-Скопје да му обезбедат на Друштвото за спортски дејности КК „Работнички“ АД Скопје термини за користење на спортските сали без надомест во наведените училишта и тоа:

| ООУ | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| ООУ „Кочо Рацин“ | 15:00-16:00 | / | 15:00-16:00 | / | 15:00-16:00 |
| ООУ „Ј.Х.Песталоци“ | 15:30-16:30 | / | 15:30-16:30 | / | 15:30-16:30 |
| ООУ „Коле Неделковски“ | 15:00-16:00 | / | 15:00-16:00 | / | 15:00-16:00 |
| ООУ „11 Октомври“ | 16:00-17:00 | / | 16:00-17:00 | / | 15:00-16:00 |
| ООУ „Димитар Миладинов“ | 15:00-16:00 | / | 15:00-16:00 | / | 15:00-16:00 |
| ООУ „Киро Глигоров“ | 15:00-16:00 | / | 15:00-16:00 | / | 15:00-16:00 |

## Член 2

Се задолжуваат училиштата од член 1 од оваа Одлука да склучат договори за користење на спортските сали.

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4944/2
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје бр. 02-236/10 од 27.7.2026 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје бр. 02-236/10 од 27.7.2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/5
11.9.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), а во врска со член 19 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје бр. 02-236/10 од 27.7.2026 година

### Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје бр. 02-236/10 од 27.7.2026 година.

### Член 2

Примерок од Одлуката да се достави до Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4944/4
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, за период 2025/2026 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, за период 2025/2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/7
11.9.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24), член 121 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), а во врска со член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, за период 2025/2026 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје за период 2025/2026 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје.

3. Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4944/6
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, за период 2025/2026 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, за период 2025/2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/9
11.9.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24), член 121 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), а во врска со член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, за период 2025/2026 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје за период 2025/2026 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

3. Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4944/8
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, за период 2025/2026 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, за период 2025/2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/11
11.9.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24), а во врска со член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 12. седница, одржана на _.9.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, за период 2025/2026 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје за период 2025/2026 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

3. Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4944/10
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/13<br>11.9.2026 година<br>С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Центар-Скопје<br>д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на Република Македонија" број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 241/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција**

**Член 1**

Во член 1 од Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција, („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/26) во претпоследниот ред, постоечкиот текст се заменува со следниов текст „за временски период од 12 (дванаесет) месеци“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје”.

Бр. 08-4944/12
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/15
11.9.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14; 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19; 14/20 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година во Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година во Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е образецот на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2027 година.

**Член 3**

По добиената согласност Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да го донесе Годишниот план за вработување во 2027 година во Општина Центар-Скопје и да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 4**

Секторот за финансиски прашања се задолжува во Буџетот за 2027 година на Општина Центар-Скопје да предвиди средства за реализација на Годишниот план за вработување во 2027 година во Општина Центар-Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4944/14
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на донација за Реконструкција на постоечка улица „улица бр. 28“, во населба Ново Маало од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги МГ ФЕШН ДОО увоз-извоз Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација за Реконструкција на постоечка улица „улица бр. 28“, во населба Ново Маало од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги МГ ФЕШН ДОО увоз-извоз Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/17
11.9.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 4, 6 и 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Центар–Скопје на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација за Реконструкција на постоечка улица „улица бр. 28“, во населба Ново Маало од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги МГ ФЕШН ДОО увоз-извоз Скопје**

**Член 1**

(1) Со оваа Одлука, Општина Центар – Скопје ја прима донацијата од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги МГ ФЕШН ДОО увоз-извоз Скопје и тоа – Реконструкција на постоечка улица – „улица бр. 28“, во населба Ново Маало, Општина Центар-Скопје на КП 12137 за КО Центар 1 со цел уредување на просторот и уредување на градежното земјиште.

(2) Донацијата ќе се реализира со изработка на проектна документација, реконструкција на коловозот, уредување на рабниците, соодветно одводнување и други неопходни работи согласно проектна документација и услови на надлежни институции во рамките на важечките происи, технички стандарди и одобрена документација.

**Член 2**

(1) Вредноста на донацијата ќе се утврди со Договор/Анекс, по добивање на целокупната документација и реализација на донацијата наведена во член 1 од оваа Одлука.

**Член 3**

(1) Се овластува и задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да го потпише Договорот за донација со Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги услуги МГ ФЕШН ДОО увоз-извоз Скопје.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје”.

Бр. 08-4944/16
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година, бр. 04-2078/1 од 21.8.2026 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година, бр. 04-2078/1 од 21.8.2026 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година.

Бр. 09-4944/19
11.9.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19; 14/20 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 12. седница, одржана на 11.9.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година, бр. 04-2078/1 од 21.8.2026 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година, бр. 04-2078/1 од 21.8.2026 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4944/18
11.9.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09-4144/3
Датум: 17.07.2026

Во согласност со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25 и 134/26), а во врска со член 62 став (7) градоначалникот издава

## П О Т В Р Д А  З А  З А В Е Р К А

**на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на нов секундарен топловод Е2.290.010 од шахта 005 на вод Е2.290 по бул. М.Т.Гологанов за новопредвидени објекти според ДУП Буњаковец 2, Блок 6 Општина Центар-Скопје**

врз основа на издадените:

1. **Мислење број 09-4144/1 од 14.7.2026 година од комисијата за урбанизам** по барањето за одобрување на цитираниот Урбанистички проект поднесен преку информацискиот систем е-урбанизам во **постапка број 70985**, со технички број ПД_007_01/24 од август 2025 година, изработен и поднесен од Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ ДОО Скопје во име на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје и

2. **Предлог за одобрување** на ***Урбанистичкиот проект за инфраструктура*** *за дислокација и промена на трасата на топловод помеѓу ул.„Васил Иљоски" и ГП 5.10.9 од ДУП за Централно градско подрачје Мал Ринг, Општина Центар-Скопје*, издаден од комисијата за урбанизам **со број 09-4144/2 од 14.7.2026 година.**

Прилог на оваа *Потврда за заверка* е целокупната документација презентирана во информацискиот систем е-урбанизам за постапка број 70985.

**Градоначалник**
**на Општина Центар – Скопје**
**м-р Горан Герасимовски**

ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk